Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 26/0306
17.02 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 05.02.2026 година, врз основа на примена жалба од **Драган Јакимовски** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ДЕЛУМНО ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Брзак: Патот без асфалт-живот помеѓу Куманово и Скопје“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Кумановоњуз.мк (kumanovonews.mk) на 30.12.2025 г., делумно отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 20.01.2026 г., упати жалба за текстот со **наслов „Брзак: Патот без асфалт - живот помеѓу Куманово и Скопје“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Кумановоњуз.мк (kumanovonews.mk) на 30.12.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување“ и „пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, упатена поради необјавен демант од Месната заедница на с. Брзак, Општина Куманово, меѓу другото, пишува:

„Причини за демантот се неточни информации (локалниот пат ќе се асфалтирал во 2030 год. (кој е релевантниот извор на таа информација)? Самиот автор во новинарскиот напис има направено неколку фотографии од локалниот пат, а прифатена е изјава дека поради истиот не можело да се дојде до дома, па бараме докази поради што не може да се дојде до дома? (зошто нема фотографија за истото)?“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите на жалителот и се дава образложение зошто жалбата не треба да се прифати. Во одговорот, меѓу другото, се наведува:

„Објавениот текст претставува репортажа, чија основна цел е да се прикаже животот, условите и секојдневието во селото Брзак, низ призмата на неговите жители. Текстот е изработен врз основа на разговори со соговорници на терен, чии изјави се пренесени делумно или во целост, според авторската проценка и состојбите на терен. Текстот е поткрепен со фотографии, кои го потврдуваат напишаното. Фактот дека селото Брзак сè уште нема асфалтен пат е проверлива и јавна информација, од значење за локалната заедница и од јавен интерес..“

Во однос на наводите за необјавување демант, укажуваме дека доставениот текст не содржеше конкретно и фактичко оспорување на изнесените информации, туку мислења и претпоставки од страна на претставници на месната заедница... Дополнително, во објавениот текст не се спомнуваат поединци по име, ниту се наведува кој било субјект во негативен контекст, поради што не постоеше професионална обврска за објавување демант“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Брзак: Патот без асфалт - живот помеѓу Куманово и Скопје“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Кумановоњуз.мк (kumanovonews.mk) на 30.12.2025 г., делумно отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е испочитуван членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е репортажа за животот во едно кумановско село кое се соочува со низа потешкотии пред сѐ од инфраструктурен аспект, што е тема од јавен интерес.

Комисијата се согласува со констатациите на медиумот дека станува збор за репортажа од самиот терен, дека таа верно ги отсликува состојбите во конкретното место и дека е базирана на искази на соговрници, но исто така и поткрепена од бројни фотографии. Од тука, Комисијата во самиот текст не најде прекршување на Кодексот.

Иако се согласува со образложението од медиумот дека во демантот не се содржани фактички оспорувања на изнесените информации, Комисијата сепак смета дека професионалното и етичкото новинарство секогаш треба да се залага за претставување на што повеќе страни во сториите, макар и преку демант што не се однесува на неточна информација во текстот, па во тој контекст гледа само делумно отстапување од ова правило регулирано со Кодексот на новинари.

Од тука, Комисијата во крајниот заклучок смета дека е само делумно прекршен членот 3 од Кодексот на новинарите на Македонија на начин на кој што е појаснето во претходниот пасус.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595